**Република Македонија**
**Агенција за храна и ветеринарство**
Сектор за храна од неживотинско потекло
Одделение за државна инспекција за храна од неживотинско потекло

АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

ОБ 7.5-3.4-02в01

ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

| ПРИМЕНО: 28. 11. 2018г. | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. ед. | Број | Прилог | Вредн. |
| 17 | 104/126 | | |

ПЕ КИЧЕВО
УП – I бр. 26-104
23.11.2018 година

Агенцијата за храна и ветеринарство врз основа на член 127 став 1 од Законот за безбедност на храната („Службен весник на Република Македонија“ број 157/2010, 53/2011, 1/12, 164/13, 187/13 и 43/14) по добиените лабораториски резултати од ЈЗУ Прилеп за: Водоснабдителен објект с.Сланско, општина Мак. Брод донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е

**Се забранува** коpистење на вода за пиење од водоснабдителниот објект-водоводна мрежа с.Сланско општина Мак. Брод.

**Се наредува** на општина Мак.Брод, водата за пиење да ја доведе во безбедна состојба.

Жалбата против ова решение не го одлага неговото извршување, согласно со членот 127 став 2 од Законот за безбедност на храната („Службен весник на Република Македонија“ број 157/2010, 53/2011, 1/12, 164/13, 187/13 и 43/14).

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Од водоснабдителниот објект водоводна мрежа с.Сланско, на ден 06.11.2018. преку ЈЗУ Прилеп, земена е вода за лабораториска анализа во поглед на хемиска и микро биолошка исправност, од мерно место-двор, при што со лабораториски преглед на водата-матичен број на објектот 4020792912003 константирано е дека : **Водата не е здравствено испрвна** заради наод на бактерии од цревно потекло и не смее да се користи за пиење без предходно вриење од 10 мин. Неопходо е соодветно техничко решение за објектот и редовна дезинфекција на водата.

Со оглед на наведеното, а со цел да се обезбеди хигиенска и против епидемиолошка заштита на населението согласно член 4, член 121, член 122 ичлен 127 од Законот за безбедност на храната, и член 2, член 8 и член 38 од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на одпадни урбани води, како и член 12 од Законот за заштита на населението од заразни болести, а во врска со член 5, член 6, член 7, член 16 и член 22 од Правилникот за безбедност на водата.

Врз основа на горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на решението.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:

Жалба против ова решение се изјавува преку овој орган во рок од 8 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекциските надзор и прекршочната постапка.

Решено во Агенција за храна и ветеринарство под број 26-104
на ден 23.11.2018 година.

М.П.

Државен инспектор за храна

Imran Elezi D.V.M.
ИНСПЕКТОР ЗА ХРАНА
FOOD INSPECTOR